# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ШУМИТЕ

**Сл.Весник на Р.Македонија бр.89 од 16.12.2004 година**

### Член 1

Во Законот за шумите ("Службен весник на Република Македонија" број 47/97 и 7/2000) членот 10 се менува и гласи:
"Заради стручно и планско остварување на општокорисните и производните функции на шумите, работите на Заводот за шуми ги презема Јавното претпријатие за стопанисување со шуми "Македонски шуми"."

### Член 2

Во членот 22 по ставот 4 се додаваат два нови става 5 и 6, кои гласат: "Во периодот од истекувањето на важноста на претходниот посебен план, до донесување на нов посебен план, со шумите се стопанисува според претходниот посебен план. Ако по истекот на рокот од ставот 4 на овој член не се донесе посебен план, не може да се врши сеча на шумите."
Ставовите 5, 6, 7, 8 и 9 стануваат ставови 7, 8, 9, 10 и 11. Во ставот 10 бројот "6" се заменува со бројот "8" .

### Член 3

Во членот 33 став 1 по зборот "шума" зборовите: "како и на ретки видови дрвја и на дрвја надвор од шумата," се бришат.

### Член 4

Во членот 37 став 1 по зборот "заради" се додаваат зборовите: "обезбедување на сопствени потреби или ", а ставот 2 се брише.

### Член 5

Во членот 43 став 1 по зборот "од" се додаваат зборовите: "бесправни сечи, ".

### Член 6

Во членот 56 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:
"Производи од дрво (дрвен јаглен, рачки, прачки, колци и друго), не можат да се пренесуваат или превезуваат, ако не се снабдени со испратница."
Ставовите 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 стануваат ставови 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10. Во ставот 6 бројот "4" се заменува со бројот "5".

**Член 7**

Во членот 60 став 2 бројот "5%" се заменува со број "2%".

**Член 8**

Главата III ЗАВОД ЗА ШУМИ и членот 66 се бришат.

**Член 9**

Во членот 67 став 2 бројот "12%" се заменува со бројот "10%".
Во ставот 3 по зборовите: "постојните шуми" се додаваат зборовите: "за изградба на шумски патишта".

**Член 10**

Во членот 72 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:
"Субјектите на кои се однесува решението од ставот 2 на овој член се должни да постапат по истото во рок од осум дена од денот на приемот на решението " . Ставот 3 станува став 4.

**Член 11**

Во членот 75 став 1 точка 14 бројот "6 " се заменува со бројот "5". Во точката 18 бројот "8" се заменува со бројот "9". Во точката 19 бројот "2" се заменува со бројот "3".
Во точката 20 се бришат зборовите: "член 31 став 1 и", а бројот "6" се заменува со бројот "7".
По точката 21 се додава нова точка 22, која гласи:
"22) не издвои и не уплати средства за финансирање на потребите на шумската полиција (член 60 ставови 2 и 3);".
Точката 22 станува точка 23.
По точката 23 се додава нова точка 24, која гласи:
"24) не постапи по решението донесено од шумарскиот инспектор (член 72 став 3);".
Во точката 23 која станува точка 25 зборовите: "став 3" се заменуваат со зборовите: "став 4" .
Во ставот 2 бројот "23" се заменува со бројот "25".

**Член 12**

Во членот 76 став 1 точка 14 бројот "4" се заменува со бројот "5".

**Член 13**

Во членот 77 став 1 точка 2 бројот "22" се заменува со бројот "32".
Во точката 6 по зборот "дрвја" се додаваат зборовите: "во шума", а по зборовите во заградата: " (член 46) " се додаваат зборовите: "ставови 1 и 2".
Во точката 7 бројот "6" се заменува со бројот "9".
По точката 7 се додава нова точка 8, која гласи:
"8) пренесува, превезува производи од дрво без да е снабдено со испратница (член 56 став 2)".
Точките 8 и 9 стануваат точки 9 и 10.

**Член 14**

Во членот 78 став 1 точка 1 бројот "7" се заменува со бројот "9 ".

**Член 15**

Во членот 79 став 1 точка 8 бројот "5" се заменува со бројот "6 ".

**Член 16**

Членот 82 се менува и гласи:
"Општиот план за стопанисување со шумите ќе се донесе најдоцна до 31 јули 2007 година."

**Член 17**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон работите на Заводот за шуми ги презема Јавното претпријатие за стопанисување со шуми "Македонски шуми".

**Член 18**

Средствата, опремата и документацијата на Заводот за шуми ги презема Јавното претпријатие за стопанисување со шуми "Македонски шуми" врз основа на завршен биланс според попис што ќе го изврши комисија за попис формирана од Јавното претпријатие за стопанисување со шуми "Македонски шуми".
Вработените во Заводот за шуми ги презема Јавното претпријатие за стопанисување со шуми "Македонски шуми", на работни места според актот за систематизација на работите и задачите.

**Член 19**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".